АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 201
Рок на чување
201 г.

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23) Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

Архивски знак
Рок на чување
Потпис
26.03.2024 г.

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година со архивски број 08-288/1 од 01.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/16
14.03.2023 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр. 79/2009), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2023 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани мерки и активности насочени кон помагање и поддржување на социјално ранливи групи, односно доделување еднократна парична помош или помош во натура на лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 900.000,00 денари. Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Во изминатата 2023 година до Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар беа доставени 86 (осумдесетишест) барања за еднократна парична помош. Од страна на комисијата прифатени беа 80 (осумдесет) барања, а 6 (шест) беа одбиени.

Во следната табела даден е основот/причината за поднесување барање за еднократна парична помош доставени во 2023 година.

| **Ред. бр.** | **Основ/причина за доделување на еднократна парична помош** | **Број на барања** |
|---|---|---|
| **1** | Тешка финансиска состојба | 57 |
| **2** | Самохран родител | 7 |
| **3** | Семејство кое се грижи за лице со посебни потреби | 8 |
| **4** | Лекување | 8 |

Во 2023 година од прифатените 80 барања исплатени се финансиски средства во износ од 380.000,00 денари за 72 барања. Останатите 8 барања ќе се исплатат во 2024 година.

Во 2023 година исплатени се финансиски средства во износ од 200.000,00 денари за 4 барања доставени во 2023 година.

Во 2023 година исплатени се и финансиски средства во износ од 55.000,00 денари за 11 барања доставени во 2022 година.

Вкупен износ исплатени финансиски средства за еднократна парична помош во 2023 година изнесува 635.000,00 денари.

Бр. 08-288/1
01.03.2024 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски